Наум ДИМОВСКИ

# ТИТОВИОТ ЗБОР НА ЧАСОВИТЕ ПО ИСТОРИЈА

Грамофонски плочи со искажувања на Тито за најзначајните историски настани од НОВ и повоениот период во нашата земја и светот.

Како ќе се искористат искажувањата на Тито во наставата по историја?

## Титови искажувања снимени на грамофонски плочи

Пред повеќе години, по повод осумдесетгодишнината од раѓањето на Претседателот Тито и триесетгодишнината од НОВ, во издание на Интеримпрес од Белград, а во уредништво на Тихомир Станоевиќ, беше отпечатена монографијата „ТИТО — збор и дело" која содржи:

— албум за Тито, НОВ и Револуцијата;
— шест грамофонски плочи;
— филм на 6 мм лента за животот на Тито и
— репродукција со ликот на Тито од П. Јовановиќ.

Монографијата извонредно придонесува во унапредувањето на наставно-воспитната дејност во нашите училишта. Со монографијата, како наставно средство, на еден нов начин може да се запознаат учениците со животот и делото на Јосип Броз Тито како политичар, војсководач, државник, хуманист, визионер и човек, со значајните настани од НОВ, со најзначајните историски периоди од животот на нова Југославија поврзани со светот.

## За звучната нагледност во наставата по историја

Нагледноста во наставата по историја игра значајна улога зашто движењето на човечкото општество се третира конкретно, а кај учениците, посебно во помладата возраст, мислењето е тесно поврзано со конкретноста. Тие мислат со боите, облиците, звуците.

Денес, во наставно-воспитниот процес по историја се употребуваат различни наставни и нагледни средства: радио, телевизија, магнетофон и сл. Преку нив се организираат повеќе аудитивни доживувања кај учениците.

Звучната нагледност — говорните илустрации, најчесто се употребуваат во практичната наставно-воспитна работа. Тоа се најчесто одбрани говори, значајни осврти, искажувања на истакнати раководители за некој настан итн. На пример, говорот — одбраната на Георги Димитров на Лајпцишкиот процес, говори на Ленин, Тито и сл. Или интерпретација на стихови од истакнати поети или уметнички дела ( „Јама“, „Ленка“, „Тешкото“, „Очи” и др.). Потоа, исечоци од уметничка литература („Мајка“, „Мостот на Дрина“, „Ајдук Станко”, „Простум” и др.). Натаму, делови од драматизирани дела (сослушувањето на Гаврило Принцип од книгата „Сараевски атентат“ од Воислав Богиќевиќ каде имаме дијалог меѓу оптужениот и претседателот на судот, од „Бомбашкиот процес“ каде Тито од оптужен се претвора во тужител на ненародниот и експлоататорски поредок од книгата „Пред непризнатиот суд“. Исто така се користат и музички творби поврзани со историскиот материјал (Интернационалата, Марселезата, Друже Тито ние ти се колнеме и др).

Грамофонските плочи, исто така, спаѓаат во современите звучни технички, наставни средства, покрај некои недостатоци, тие имаат повеќе вредности: достапни се за ракување, долготрајни се ако се чуваат, не се многу скапи, лесно се сместуваат, можат да се употребуваат во наставни и вонаставни активности во училница, кабинет итн.

Звучните наставни средства ја обогатуваат наставата по историја и го привлекуваат ученичкото внимание и интерес. Со помош на звукот се рекреира историското минато, кај учениците се остава длабок емотивен впечаток, се постигнува поголем реализам, живост и автентичност на настаните.

## Содржината на грамофонските плочи од монографијата за Тито

Во шесте грамофонски плочи, хронолошки, во исечоци, се дадени одделни делови од говори, извештаи, изјави и разговори на Претседателот Тито во врска со значајни настани од НОВ, општествено-економскиот и политичкиот живот на земјата, како и за некои меѓународни настани.

Во првата и шестата плоча во збиена форма, преку непосреден разговор, со прашања и одговори, Тито ги изнесува погледите на најактуелните проблеми и прашања од кои повеќето се обработуваат во наставата по историја во нашите основни и средни училишта.

Плочите се од нов тип, голем формат со пречник од 30 см и 33 движења. Должината на снимениот материјал на двете страни од секоја плоча трае 70 минути. На сите плочи имаме седумчасовен говор на другарот Тито.

Во првата плоча Тито зборува за ослободителната борба и Револуцијата на југословенските народи (нападот на Југославија во 1941 година, стратегијата и тактиката на КПЈ во вооружената борба против окупаторот, создавањето на слободна територија во Србија 1941 година, односот на воените снаги во крајот на 1941 и 1942 година, последици од повлекувањето од Србија во 1941 година, значењето на борбите во 1942 година, одлуката за создавање на АВНОЈ, развојот на НОВ во 1943 година, Сутјеска, Дрвар, Второто заседание на АВНОЈ, седумтете непријателски офанзиви, борбите во 1944 и 1945 година, помошта од сојузниците, придонесот на Југославија во борбата против фашистичките сили, главните карактеристики на НОВ итн.).

Во втората плоча станува збор за единаесет прашања од обновата и изградбата на социјалистичка Југославија( задачи на повоената обнова и изградба, за работничкото самоуправување, за националното прашање грижа за работниот човек, за демократијата и социјализмот и др.).

На третата плоча снимен е разговорот за темелите на нова Југославија.

Во четвртата плоча Тито зборува за Југославија и светот, борбата за мир, рамноправност и соработка на народите. Потоа, за основните принципи на надворешната политика на Југославија, коегзистенцијата и рамноправноста на народите, улогата на новите независни земји во преобразбата на светот, односите на Југославија со СССР, суштината на активната коегзистенција, активноста на неврзаните земји, опасноста од вооружувањето и борбата за забрана на нуклеарните проби итн.

Петтата плоча содржи четиринаесет прашања за југословенската народна армија и општонародната одбрана, младината и иднината на нашата земја.

На шестата плоча снимен е материјал од средби, мисли и разговори на Тито (човекот и неговата лична среќа, говорот пред младинците на Тјентиште во 1970 година, за југословенскиот пат во социјализам итн.).

## Дидактички вредности на грамофонските плочи

Хронолошкиот редослед на излагањата на Претседателот Тито овозможува секоја грамофонска плоча да се употребува со соодветен материјал што се обработува во осмо одделение, втори клас на стручните училишта и четврти клас на гим-

назиите. Темите за кои станува збор опфаќаат преку дваесет методски единици од наставната програма по историја.

Со употребата на звучната илустрација преку грамофонските плочи се оживуваат историските настани, се разбива монотонијата на обичниот час и често пати се воспоставува директен контакт меѓу настанот и ученикот.

Слушајќи ги искажувањата на Тито по повод различните настани и во различни места, се чувствуваме исто како да ни зборува тука, пред нас, макар што тоа било пред петнаесет, дваесет и повеќе години· Неговите зборови звучат импресивно, изразито и многу силно. За борбите на Сутјеска во 1943 година во грамофонската плоча бр. 1 другарот Тито, меѓу другото вели:

> „... Морам да кажам дека таква борба, под такви услови можат да издржат само челични луѓе, комунисти и младинци кои ги воспитувала КПЈ. Ние во борбите за греме на Петтата непријателска офанзива изгубивме осум илјади другари и другарки, борци, командири, команданти и политички комесари. Повеќето од нив беа членови на партијата и СКОЈ. Но ние го разбивме железниот обрач на непријателот и така изгладнети и изморени почнавме да ја чистиме источна Босна од непријателот. Таква војска можеше да воспита само КП на Југославија...“

Титовите говори, осврти и пораки, раскажувањата за историските настани и политичката состојба претставуваат драгоцен изворен материјал кој придонесува за полесно запомнување на историската фактографија, а во исто време претставува карактеристика и оценка на соодветните настани. Комплетот грамофонски плочи со својата содржина, одбраниот материјал, пластичноста и динамиката даваат големи можности за воспитно делување: за развивање патриотски чувства, љубов кон татковината и нашите народи и народности, хероизам и револуционерност, како и спремност да се брани она за кое со векови се бореле нашите народи и со крв ја спечалиле — нашата слобода, независност и социјалистичка самоуправна Југославија.

### Некои методски забелешки за употребата на грамофонските плочи во наставата по историја

Практиката потврдува дека правилно употребените звучни илустративни средства часот и наставата по историја ги прават привлечни, материјалот се совладува побрзо и добиените знаења се потрајни. Ако умешно се применат звучните илустративни средства во наставно-воспитниот процес, кај учениците повеќе се активира мисловната дејност, се обогатува тво-

речкото мислење, се изградуваат побрзи, потрајни и поточни историски претстави, а на таа основа се градат и соодветни научни поими и принципи.

Иако немаме намера опширно да расправаме за методските постапки при употребата на грамофонските плочи со искажувањата на Тито, ќе забележиме дека секоја од нив може да се употреби на три начина:

1. Како подготовка за изложување на ново градиво;

2. Во текот на обработката на нова содржина и

3. При повторување и утврдување на материјалот, како илустрација и дополнување на порано обработените содржини.

За успешна примена на грамофонските плочи потребни се услови и опстојна подготовка зашто при нестручна примена на истите би се постигнал спротивен ефект и негативен резултат. Кога ќе одлучиме да употребиме грамофонски плочи на часот по историја, потребно е претходно да ги одбереме темите за кои се зборува во нив. Содржината од грамофонските плочи треба да се ислуша пред да бидат искористени, а со тоа ќе се провери дали материјалот одговара на содржината, дали е интересен, дали одговара на ученичката возраст по стилот и содржината и дали има ефект. Во случајов целата содржина одговара на споменатите барања. Покрај тоа, секогаш треба да се имаат предвид и евентуалните пречки во врска со репродуцирањето. Исто така, при употребата на грамофонските плочи потребно е да се извршат подготовки и кај учениците: да им се објасни зошто слушаат, на што да се посвети поголемо внимание, да им се соопштат некои моменти од содржината што ќе се слуша (имиња, датуми, места и сл.). Тоа што може, пожелно е паралелно со слушањето да се запише во тетратката и на таблата или да се следи на историската (географската) карта, скица или шема со што ќе се активираат и другите органи за перцепирање. Кај ученикот мора да постои цел за да биде внимателен при слушањето, мора да има план кој ќе се стреми да го оствари за време на часот.

Искажувањата и темите на грамофонските плочи на кои зборува другарот Тито можеме да ги искористиме и при прикажувањето на дијафилмови, епизодична екранизација, елемент — филм и сл. Прикажувајќи ги сликите со одредена тема, истовремено го репродуцираме и искажувањето на Тито за тој настан. Дијафилмови, на пример, има речиси за сите теми од НОВ и повоената обнова и изградба на земјата. Колку голем ефект би се постигнал кај учениците кога при обработката на методската единица „Второто заседание на АВНОЈ и меѓународното признание на НОВ" им се прикаже дијафилмот со 31 слика (Душица Микчиќ, II заседание на АВНОЈ, Зора — филм, Загреб, 1963). Ние на учениците им објаснуваме за приликите во

Југославија во крајот на 1943 година, го опишуваме Заседанието, ги објаснуваме одлуките и извлекуваме заклучок за одѕивот и значењето на Второто заседание на АВНОЈ за сите наши народи и народности и за светот. На петнаесеттата слика од спомenатиот дијафилм прикажан è врховниот командант Тито пред свечено украсената бина во полната сала со делегати како поднесува реферат на Заседанието, зборувајќи за развојот на НОВ и Револуцијата. За да се оживи оваа слика и за да дејствува поавтентично, го репродуцираме освртот на Тито за Второто заседание на АВНОЈ и националното прашање од грамофонската плоча бр. 1.

„.. И овде во Јајце, ние тогаш на дофат на пушкините куршуми, под звукот на топовската детонација и гранатите, под закануваање на офанзиви од сите страни го одржавме ова историско заседание каде се удрени темелите на нова, поубава и посреќна Југославија. Тогаш работевме, тогаш се боревме, тогаш донесовме многу важни, далеко сежни и историски решенија кои веќе еве денес повеќето од нив се реализирани. Овде во текот на една ноќ се скова судбината на една нова социјалистичка земја. Поставени се токму во ова мало босанско гратче темелите на една нова држава, една братска заедница на народите на Југославија. Колку симболички тоа го одразува долготрајниот и вековниот стремеж на нашите народи.

И овде во Јајце, ние тие темели ги поставивме, го одредивме правецот на понатамошниот развиток, иако уште тогаш траеше војната и тие одлуки кои се донесени овде, тие веќе денес главно се реализирани. Ние денес имаме братство и единство на нашите народи, ние веќе денес ги гледаме материјалните стремежи на нашите народи, народи кои сакаа социјалистички систем, ние денес ја гледаме препородена нашата земја...“ (J. Б. Тито, говор одржан на прославата од десетгодишнината од Второто заседание на АВНОЈ, Јајце, 1953 година).

Слична постапка може да се примени и со други дијафилмови: Неретва, Сутјеска, Дрвар итн.

Вклучувајќи ги грамофонските плочи во наставата по историја како и другата звучна илустрација со искажувањата на Тито, ќе им се овозможи на учениците подобро да ја сфатат историската нужност на нашата НОВ и социјалистичката револуција, да ја сознаат големата историска улога и значење на Ј. Б. Тито како стратег на револуцијата, втемелувач на нова Југославија, творец на движењето на неврзаноста, борец за мир и соработка во светот. Сето тоа, добро подготвено и режирано, ќе придонесе да се збогати наставата по историја, да се постигне поголем реализам, интерес и успех во учењето.